РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-10
13.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Политичка партија Левица**

**За: , претседател**

**Предмет: Одговор на Претставка во врска со ТВ Сител**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разгледа Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/10 од 7.05.2024) упатена по електронска пошта на 3.05.2024 година и до регулаторното тело и до ТВ Сител, во која наведувате дека оваа Телевизија не ги почитува законските обврски од член 75 ставови (1) и (2) од Изборниот законик да ги покрива изборите на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма на тој начин што на учесниците во кампањата ќе им овозможи подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, вклучувајќи ги и посебните информативни програми кои можат да бидат реализирани како интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми. Имено, како што велите во Претставката од 18.04.2024 година, односно „*...од стартот на изборната кампања, Сител ТВ нема повикано на интервју, дебата, соочување или друг вид на медиумско претставување ниту еден кандидат за пратеник од редовите на Политичката партија Левица!*“, со што „*крајно дискриминаторски, незаконски и несфатливо одбива да повика на интервју било кој носител на кандидатските листи на една парламентарна партија во подем, како што е Политичката партија Левица*“.

Агенцијата внимателно ги прегледа податоците за програмата на ТВ Сител од својот мониторинг на изборното медиумско претставување за двата изборни процеси во 2024 година, и го констатираше следново:

- ТВ Сител ја покрива изборната кампања речиси исклучиво во дневноинформативните емисии, во рамките на кои реализира и интервјуа поврзани со изборниот процес;
- Во периодот од 18 април до 6 мај (т.е. за целото времетраење на изборната кампања за Парламентарните избори 2024 година) во вестите на ТВ Сител

беа реализирани интервјуа со претседателот на ДИК, претставници на граѓански организации, експерти и аналитичари, а од учесниците во изборната кампања, интервјуа имаше со: од ЗНАМ (26.04.2024), од Коалицијата Влен/Вреди (30.04.2024), од Коалицијата за Европска иднина (03.05.2024), од Коалицијата Твоја Македонија ВМРО ДПМНЕ (04.05.2024) и со од Левица (04.05.2024).

- Освен ова, изборите беа тема на уште две дебати: едно издание на емисијата *Детектор* (28.04.2024), во кое аналитичари го разгледуваа изборниот процес, и еден дуел, реализиран во утринската емисија *Ја сакам Македонија* (29.04.2024), во кој на темата – учество на жените во политиката – полемизираа од Коалицијата за Европска иднина и од Коалиција Твоја Македонија ВМРО ДПМНЕ.

Како што може да се утврди од податоците дадени погоре, **претставник на Левица беше интервјуиран на ТВ Сител на 4.05.2024 година.**

Инаку, оценката дали медиумот ги покривал Парламентарните избори на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма, како што налага Изборниот законик, Агенцијата ќе ја направи во извештајот за овој изборен процес, веднаш по завршување на анализата на податоците од мониторингот. Согласно Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси[1] (која, меѓу другото, се потпира и врз Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР), констатациите за балансот се извлекуваат за текот на целиот период на кампањата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

[1] Достапна на: Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси